ИНА НАТАЛНА КАРТА

Астролог: Симеон Атанасоски

http://asvedic.com/



Постојат два основни астролошки системи тропски, западен, кај нас во широка употреба, и индиски, сидерален.Во мојот врв на западната астрологија истата ја напуштам бидејќи стана тесна за она што јас го очекував од астрологијата. Продолжувајќи пред десетина години, преку изучување на индиската астрологија позната како Џотиш или во превод наука за светлоста божја се уверив во нејзината прецизност, корисност и реалност. Овој "простор" во "Ина" ќе се обиде да ви го осветли патот по кој чекорите и да ве промени во потрага по вашата суштина на постоење.

Пред многу векови од мудрец Чанакја

Џотиш-Индиска астрологија

Една одлична работа се учи од Лавот, сé што сакате да направите направете го со цело срце и потполна сила...

Претседателскиот кандидат на Внатрешната Македонска револуционерна Организација-Демократска партија за Македонско Национално Единство Сашко Кедев е роден под влијание на Месечината во знакот на гламурот и сјајот Лав (заштитен знак на партијата) или по индиски Симбха, додека среќната ѕвезда на раѓање е Пурвафалгуни-чиј владетел е Венера (атмакарака), силно поставена со кармичкиот јазел во опозиција на "политичарот" меѓу планетите Сатурн во силна позиција во Јарец.

ПУРВАФАЛГУНИ-СРЕЌНАТА ЅВЕЗДА НА САШКО

Да се искуси, да претрпи, да прође низ..., да се снајде, да вежба-тренира, да одгледува, да се гордее, да подигнува, да дава предност, да почитува успешни, да пребира (селектира), да најавува почест и успех, да прогонува, да служи, да прочистува-рафинира, да се восхитува, да се одвојува од околината, да издржи, да исправува и прекорува, сензуалност, да се грижи за постарите лица, личноста сака да дискутира и полемизира, дава смелост, храброст, "сладок" говор со трајни решенија (Сатурн во Јарец), спремен да прифати мислење на експерти (Сонце со Меркур во Близнаци), пред сé доколку мислењето на неговите соговорници е засновано на праксата, а не на неосновани теории! Одлично ќе соработува со интелектуалната елита, а ќе ги цени искрените критики (со насмевка), посебно доколку се кажуваат во четири очи! Неговиот подзнак во Стрелец, дава акцент на неговата спиритуална човечка природа, а тоа подразбира негова спремност да го почитува правото, правдата и човечките слободи. Впрочем, знакот Лав најчесто е поврзан со достоинството, борбата и слободата!

За подзнакот Стрелец се создава силна поддршка доколку Сонцето (владетел на 9 поле) и Меркур (владетел на 7 и 10 поле) се во спој. Кај претседателскиот кандидат Сашко Кедев го имаме овој показател на успех, бидејќи Меркур ја создава моќната, кралска Бхадра јога (во поле на партнери), која дава елоквентност, мудрост, знаење, афирмативност, објавување на научни трудови и книги. Соработката со луѓе експерти во поедини области е сигурна, а се напредува кога се патува или кога се комуницира со луѓе родени надвор од родното место! Во д-10 поделбата која е поврзана со кариерата се истакнува силното влијание на Меркур (во сопствено седиште), Сонце и Јупитер паривартана јога, а Сатурн како втор означувач на политички успех, е во својата силна позиција (Водолија), а во "енергетска коресподенција" со планетните јазли (раху и кету), кои се исто така во позитивна позиција-во сопственото седиште. Првата (Д1), деветтата(Д9), десеттата (Д10) и шеесеттата карта (Д60) во џатаката (наталната карта на Кедев), е со забележително силно влијание на Сатурн, Меркур и кармичките јазли, а тоа дава харизма и успешност и лидерски способности! Сепак, да напомнам дека Д60 карта зависи од 2 до 3 минутна прецизност во однос на часот и минутата на раѓање, што во случајот на неговата натална карта не бев во можност да проверам (точност на податоци), дали времето на раѓање е точно! Тоа подразбира дека кажаното треба да се земе со доза на резерва, а предвидувањата се општи! Генерална оценка е дека најчесто периодите април до јули му се поволни, додека евентуални потешкотии се пред пролетните месеци (февруари-март) и можеби септември!

Успеси и признанија

Изборната трка, секако, дека е успех без разлика на резултатот,

декември 2005 година

април-јуни 2006 година

после јули 2010, јануари-јуни 2011 година максимален зенит

Првиот изборен ден, 14 април, му носи посилна планетна поддршка, откако вториот на 28 април!

Нека му е со среќа!



Atanasoski Simeon asvedic

AS